

# Јубилеј на Руската Патријаршија







На 17 ноември 2007 година се навршија 90 години откако на помесен собор во Москва, Руската Православна Црква повторно е востановена во достоинство на Патријаршија. На 18 ноември 1917 година востоличен е новоизбраниот патријарх Московски и на цела Русија, свети Тихон (Белавин), кој е канонизиран за Светител во 1989 година. По тој повод, Рускиот патријарх Алексиј II отслужи бдение во соборната црква на Христос Спасителот во Москва, во сослужение на голем број архиереи од сите помесни Православни Цркви. По повод 90-годишнината од востановувањето на Московската Патријаршија, претседателот на Русија Владимир Путин ѝ предаде на Руската Православна Црква дел од хитонот на Христос, којшто беше на чување во музејот на московскиот Кремљ. Од името на 150 архиереи, Неговата Светост патријархот Алексиј му се заблагодари на претседателот на државата „за вниманието кон потребите на Црквата“. Патријархот ѝ вети на државната власт соработка во решавањето на клучните општествени задачи.

Ковчежето со парчето од хитонот на Господ Исус Христос ќе биде поставено во московскиот храм на Христос Спасителот. Во 1625 година шахот Аббас од Грузија го испрати хитонот на дар во Москва на кнезот Михаил Фјодорович и на патријархот Филарет. Подоцна, парчето ткаенина било разделено на неколку дела кои биле испратени на чување во Јарослав, Кострома и Киев. Две парченца Петар I пренел во храмот на светите Петар и Павле и во зимскиот дворец во Санкт Петербург.

Извор: www.patriarhia.ru

# Средби на Епископите на Македонската Православна Црква со Епископи од другите помесни Православни Цркви во Охрид

Фотографски материјал од средбите на Епископите на Македонската Православна Црква со Епископи од другите помесни Православни Цркви: Митрополитот виенско-австриски г. Иларион (Руска Православна Црква), митрополитот шабачко-ваљевски г. Лаврентиј (Српска Православна Црква), Митрополитот варненски и великопреславски г. Кирил (Бугарска Православна Црква), Митрополитот корчански г. Јован (Албанска Православна Црква) и Митрополитот хелсиншки г. Амвросиј (Финска Автономна Православна Црква).








# Претставници на помесните Православни Цркви во посета на манастирите на Македонската Православна Црква



На 25 октомври 2007 година, манастирот на свети Георгиј Победоносец во Рајчица (дебарско) и Бигорскиот манастир ги посетија Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и надлежниот Митрополит дебарско-кичевски г. Тимотеј заедно со Митрополитот варненски и великопреславски Кирил (Бугарска Православна Црква) и Митрополитот корчански Јован (Албанска Православна Црква).

На 25 октомври 2007 година Митрополитот шабачко-ваљевски г. Лаврентиј од Српската Православна Црква го посети манастирот на свети Архангел Михаил во Варош (прилепско), каде што го пречека надлежниот Митрополит преспанско-пелагониски г. Петар.

На 29 октомври 2007 година, Митрополитот виенско-австриски г. Иларион и протоерej Николај Балашов од Руската Православна Црква ги посетија манастирите во Скопската епархија, меѓу кои и манастирот на Свети Пантелејмон во Нерези.



Интервју со
Митрополитот ваљевско-шабачки
г. Лаврентиј

# НЕОПХОДНИ СЕ ПОЧЕСТИ СРЕДБИ И РАЗГОВОРИ МЕЃУ СПЦ И МПЦ

**Во излагањата на Конференцијата беше нагласено значењето на дијалогот во надминувањето на сите проблеми. Дали во таа насока нашите две Цркви доволно се трудат да се слушне мислењето на другиот?**

- Дијалог меѓу МПЦ и СПЦ постои и тој продолжува. И кога минатиот пат бев во Македонија со Архиепископот Стефан да ја договорам средбата со Српскиот патријарх Павле и деновиве, кога активно се дружам со епископите на Македонската Црква, ми се потврдува дека самиот тој контакт многу придонесува за подобро заемно запознавање. Би требало почесто да се среќаваме, зашто со тие средби уште повеќе ќе се зближиме. Мене ми е многу жал поради она што се случува, бидејќи Србите и Македонците се два најблиски народа, имаме иста традиција, исти проблеми. Во нашите меѓуцрковни односи е присутно и влијанието на друга црква, меѓутоа, гледам дека и од наша и од ваша страна работите се придвижуваат и ќе даде Господ проблемот да го надминеме.

**Вашето доаѓање во Охрид и, воопшто, посетата на одделни епархии, овде се толкуваат како позитивен чекор, бидејќи сте дојден со благослов на Синодот на Српската Православна Црква**

- Апсолутно. Ви велам само низ вакви средби и разговори ќе дојдеме до заедничката цел. Тука нема никакви теолошки причини и разлики. Едноставно, поради мали политички проблеми не го надминавме она што нè дели.

**Зарем не мислите дека повторно политиката го отежнува целосното решавање на проблемот меѓу нашите две Цркви и дека е тој, всушност, политички, а не црковен?**

- Да, се согласувам дека и натаму проблемот има примеси на политиката, но многу помалку отколку порано. Сега сме многу поблиски. Не заборавете дека Архиепископот Стефан со Патријархот Павле двапати се сретна за кус период. Се утврдуваат термини, значи се работи за надминување на проблемот.

# НЕОПХОДНИ
## СЕ ПОЧЕСТИ СРЕДБИ
### И РАЗГОВОРИ МЕЃУ СПЦ И МПЦ



**Иако македонскиот народ, главно, ја зачувa почитта кон српските архијереи, дел од српските митрополити, сепак, го делат официјалниот став на Грчката Православна Црква која го негира македонскиот народ, држава и Црква?**

- Имаме епископи кои се школувани во Грција, но дали се тие под влијание на Грците не знам. Веројатно, дека влијанието на Грчката Црква врз нашата постои, меѓутоа ако Грците имаат нешто против Црквата во Македонија нека разговараат директно, а не тоа да оди преку Српската Православна Црква. Не знам зошто ние мора да се мешаме во тие работи. Само Господ да даде дијалогот поактивно да продолжи, како што комисиите на нашите две Цркви се среќаваа во Калишта, Ниш и други места и тогаш и ќе се изнајде соодветно решение.

**Вие зад себе имате 40-годишен архијерејски стаж и по хиротонија сте најстар во СПЦ, се разбира, по Патријархот Павле. Дали Вашиот авторитет и умереноста ќе ги искористите во насока на решавање на отвореното прашање со името и статусот на МПЦ, бидејќи претпоставувам дека на српските архијереи ќе им ги пренесете впечатоците и пораките од разговорите со собраќата од Македонската Православна Црква?**

- Официјално, на Синодот на СПЦ ќе му ги пренесам моите впечатоци од Конференцијата во Охрид и, секако, ќе поднесам и извештај како сум примен овде како епископ на Српската Црква и ќе апелирам да се надмине сето она што им пречи на нашите добрососедски односи.

**Во Уставот на Црна Гора повеќе не постои Српската Православна Црква, туку само Црногорската Православна Црква. Како црковен Белград ќе го реши ова прашање?**

- Да, тие бараат Црквата да им се вика Црногорска. А како ќе се вика, што да ви кажам, тоа е нивен проблем. Некогаш таму постоела Црногорска Православна Црква и сега сакаат да се вратат на таа првична состојба. Нека бидат добри луѓе, нека му се молат на Бога, а како ќе се вика Црквата и не е најважно. Нема да ја спаси ниту она „српска“, ниту "црногорска", туку вистинската вера во Бога. Знаете, кога го прашале свети Јован Максимовиќ - Шангајски, кој заврши во Шангај, а беше професор во Битола, што ви недостига вам - Србите, иако тој не беше Србин по потекло, им одговорил: „Па, не ви чини тоа што кога пишувате Српска Православна Црква само 'с' го пишувате со голема буква, а зборот православна - со мали букви, со што го истакнувате националното“. Сакам да кажам, дека не смееме да дозволиме споредните работи да ни бидат над сѐ. Националното да биде над верата, не е својствено на христијанството. Конечно, и Христос беше против тоа.

Извор: „Утрински весник“

# Забрана на дејноста на гатачите

Во Рускиот парламент е внесен предлог-закон кој го забранува рекламирањето на дејноста на лекувачи без државно-призната квалификација и на окултни услуги. Иницијатор е заменик претседателот на економската комисија во Парламентот, Владимир Мединскиј. Според него, промените во законот „За Реклама“ се потребни поради тоа што голем број луѓе стануваат жртви на измами од страна на народни лекувачи, магови, екстрасенси и други окултисти. Тој проблем не е регулиран во сегашното законодавство и тој пропуст остава можност за злоупотреба.

Исто така, општината Ново Сараево соопшти дека ја забранува дејноста на гатачите. Доколку бидат фатени во вршење на ваква дејност ќе им следува парична казна. Станува збор за луѓе кои се занимаваат со гатање и претскажување на иднината и слични измами. Исто така ќе бидат казнети и оние кои ги рекламираат ваквите дејности или ги поттикнуваат луѓето да ги ползуваат услугите на гатачите.

Извор: www.patriarhia.ru, www.dveribg.net, www.b92.net

P.S. Да Му благодариме на Господ што нешто паметно се направи во однос на оваа ѓаволска појава. Се надеваме дека тоа ќе биде пример и за останатите барем православни земји и градови.

(од редакцијата на сајтот на МПЦ)





# Заседание на православно-католичката комисија во Равена





Десетатта средба на Меѓународната мешана комисија за богословски дијалог меѓу Православната Црква и Римокатоличката црква се одржа во Равена, Италија – град, познат по мноштвото историски и уметнички споменици од византиската епоха. Средбата се одржа од 8 до 14 октомври 2007 година. Присуствуваа дваесет и седум од триесетте католички членови (кардинали, архиепископи, свештеници и богослови-лаици). Православните членови (митрополити, епископи, свештеници и богослови-лаици) ја претставуваа Вселенската патријаршија, Александриската патријаршија, Антиохиската патријаршија, Ерусалимската патријаршија, Московската патријаршија, Српската патријаршија, Романската патријаршија, Грузиската патријаршија, Кипарската Црква, Грчката Црква, Полската Црква, Албанската Црква, Црквата на Чешка и Словачка, Финландската Црква и Естонската апостолска Црква. Претставниците на Бугарската Патријаршија не присуствуваа.

Работата на Комисијата беше раководена од двајцата сопретседатели, кардиналот Валтер Каспер и Митрополитот Јован пергамски. Откако делегатите од Руската Православна Црква дознаа дека во составот на нивната комисија се вклучени и претставници на Естонската апостолска Црква, создадена во 1996 година од страна на Цариградската Патријаршија на канонска територија на Московската патријаршија, го напуштија заседанието. Сепак, останатите учесници продолжија со работата на комисијата која што донесе Декларација на тема „Еклисиолошките и канонските последици од сакраменталната природа на Црквата“.

Извор: www.ec-patr.org

comment

Декларацијата од
# Равена



# Сведоштво без сила

Оние што се исплашени од некакво единство со Римокатоличката црква - да не се плашат многу, а оние што се надеваат дека такво единство ќе се случи - да не се надеваат многу, затоа што ние Православните, имајќи иста вера, сè уште помеѓу себе не можеме да се восогласиме, а камоли да се восогласиме и да стапиме во заедница со Римокатолиците со кои немаме ни иста вера.

Затоа претставниците на дијалогот во Равена не можат да се залажуваат себеси и другите со изјави од типот: *Потврдувајќи и исповедајќи „еден Господ, една вера, едно крштение“ (Ефесјани 4, 5), Му оддаваме слава на Бог Света Троица, Отецот, Синот и Светиот Дух, Кој нè собра заедно.* Со ваков тип на изјави текстот заличува на една многу убава обланда која во себе крие многу отров.

Ние немаме иста вера со Римокатолиците затоа што кога би имале не би имало потреба од дијалог, кој траејќи веќе неколку десетици години, само го потврдува постоењето на нашите разлики во верата. Овие разлики во декларацијата се минимализираат со формулацијата „отворени прашања“. А бидејќи не сме иста вера, не сме ни иста Црква. За нас православните, поучени во Преданието од словото на свештеномаченикот Иринеј Лионски и другите отци на Црквата, постои едно нераскинливо, совршено единство и благодатно поистоветување меѓу вистинската Црква, вистинската вера (Православието) и вистинската Евхаристија. Еве колку едноставно го објаснува тоа свети Григориј Палама: „Оние што ѝ припаѓаат на Христовата Црква ѝ припаѓаат на вистината, а оние што не ѝ припаѓаат на вистината ниту на Христовата Црква ѝ припаѓаат.“

Декларацијата од Равена за сите нас, римокатолици и православни, не е ништо друго освен едно огледало во кое уште еднаш се огледува нашиот неуспех и немоќ да се сретнеме во Љубов и Вистина. Новиот Завет на Единиот човекољубец Бог и наш Спасител, Исус Христос, постојано нè повикува сите нас на искрено покајание. Смислата на ова покајание се оличува во зборовите на блажениот отец Георгиј Флоровски: „Соединувањето на Христијаните за мене не значи ништо друго, туку сесветско враќање во Православие“.





Приврвшувајќи го овој коментар сакаме да направиме уште две забелешки: прво, мораме да веруваме во добрата намера на повеќето учесници во дијалогот и истиот да го поддржиме да продолжи; и второ, ако ние православните сме свесни и претендираме на фактот дека *теоретски* вистината е кај нас, тогаш ние сме единствените виновници што Вистината не ја сведочиме со конкретна љубов во *пракса*, по која би нè препознале дека сме Негови ученици и преку која сите би се присоединиле кон нас.

P.S. Го молиме авторот на оваа декларација, лесно претпознатлив по својот стил на пишување, Митрополитот пергамски Јован Зизиулас, ако во иднина повторно му се даде можност да составува еден ваков текст, за советник да земе и некој православен Епископ кој конкретно раководи со свештенство и верен народ за да не му се случи превид во пастирската димензија и последици на напишаното. Исто така, кога прави разлика помеѓу локалното, регионалното и универзалното ниво на дејствување на Црквата, да нагласи дека таквата поделба е само административна. Додуша, тоа е направено и во овој текст: *оваа поделба на нивоа не ја намалува Светотаинската еднаквост на секој Епископ ниту соборноста на секоја помесна Црква,* но не е и доволно нагласено. Со други зборови, другпат да не се обидува преку вакви текстови, на мала врата, да воведува папоцентрична еклисиологија.

(од редакцијата на сајтот на МПЦ)

Извор: www.mpc.org.mk




## Коментар на интервјуто на патријархот Вартоломеј

# Погрешна патна карта

И покрај сета почит, последното интервју на Цариградскиот патријарх Вартоломеј, дадено за Бугарската национална телевизија, навистина предизвикува одредени недоумици и бара краток коментар.

1. Од една страна, на новинарското прашање зошто Ерусалимската патријаршија се нарекува мајка Црква, патријархот коментира дека е тоа само поетско изразување, а од друга страна неколку пати во интервјуто нагласува дека токму Цариградската патријаршија е мајка Црква на Бугарската Црква (како и на останатите Цркви што се осамостоиле од неа – заб. на авторот); па сега се поставува прашањето: дали и ова второво тврдење за него е само поетско изразување или навистина така мисли?

Историски гледано, светите Апостоли откако биле пратени од Ерусалим на проповед низ тогаш познатиот свет, тие во одредени населени места основале локални епископални Цркви во сета своја полнота и слобода, а не непотполни, незрели и зависни Цркви, подвластени на Ерусалимската Црква. Додека, пак, сите Цркви што се осамостоиле од Цариградската патријаршија тоа го направиле или преку раскол или преку паричен откуп или ја оствариле својата независност како плод од борбата на Цариградската патријаршија за ослабување на Руската Православна Црква.

Па, затоа уште еднаш се поставува прашањето: кој е тука мајка Црква и што патријархот подразбира под поимот 'мајка Црква'?

2. Во дел од своето интервју патријархот вели: „Сите ние, православните – зашто во овој дијалог не учествуваше само Вселенската патријаршија, но и сите православни (што не е точно дека сите учествуваат – заб. на авторот) – го споделуваме мислењето, дека во првото илјадалетие од постоењето на Црквата, кога таа била една, постоело првенство на Римскиот епископ, на папата. Но, тоа е првенство по чест и љубов, а не првенство на јурисдикција (реална власт) над целата христијанска Црква. Со други зборови, како што нè учи богословието, тоа е првенство на човечкото право (а не Божествено право), создадено од потребата на Црквата да има една глава и еден координативен центар."

Две недоумици произлегуваат од овој извадок.

Прво, намерно ли вели „да има една глава и еден координативен центар" или зборот 'глава' едноставно потсвено му се испуштил? Затоа што едно означува 'глава', а друго 'координативен центар'! Глава на Црквата е Богочовекот Христос, а таа е Тело Негово. Епископите на локалните Цркви се на место и во обличје Христово. Координативен центар е пософодветен израз за православната еклисиологија, каде што сите Епископи се еднакви меѓу себе, а се разликуваат само по првенството на чест, кое пак може да се јави врз повеќе основи. Изразот или институцијата земна 'глава', во контекст на едната Црква, е пософодветен за папоцентричната еклисиологија.

Второ, термините 'Божествено право' и 'човечко право' воведени се кај нас под влијание на западната схоластичка теологија. Едниот израз влече кон монофизитизам и католицизам, а другиот кон несторијанизам и протестантизам. Едниот е премногу крут, а другиот е премногу еластичен. Згора на сè, бидејќи секогаш човекот се јавува како толкувач на овие термини во теологијата, најчесто и од Божественото и од човечкото право се создаваат, на крај, само идоли од кои потоа е многу тешко да се ослободиме. Православната теологија познава само 'Богочовечко право', тука нема многу простор за своеволно толкување, туку за живот според Вистината кој се познава по своите плодови, односно по успешноста на мисијата. Позади неуспешна мисија секогаш стои или погрешна теологија или погрешно сфатена теологија.

И двете теории, како апсолутистички, не водат многу сметка за историскиот развој и пастирските потреби на Црквата. Така, на пример, ако ги споредиме Цариградската и Московската патријаршија и нивната борба за првенството по чест, секој објективен православен христијанин, ќе заклучи дека тоа првенство веќе одамна му припаѓа на Рускиот патријарх и дека тој и de facto го има и тоа од многу причини: бројност на верници, бројност на епископи, слобода во одлучувањето, независност од надворешни фактори итн. Но, токму заради идолопоклоничкиот однос и погрешно сфатеното т.н. 'човечко право', тоа првенство по чест de jure сèуште му припаѓа на Цариградскиот престол. Останатите Православни Цркви го признаваат ова првенство, која од полтронство, која од незнаење, која од зависност, а некои го признаваат снисходејќи заради доброто, односно заради единството на Православната Црква. Да видиме само до кога сето тоа формално ќе функционира на досегашниот начин?

3. Понатаму патријархот вели: „Во православна смисла и толкување, Цариград е координативен центар на целото Православие заради единството на Православието и истовремено тој го координира дијалогот со останатите неправославни цркви во наше време, свикува општоправославни собори, кои се под претседателство на Вселеснкиот патријарх или некој негов претставник. Со други зборови, тоа е една институција со првенство, неопходно за функционирање на целата Православна Црква. Ако, и кога со Божја помош ќе се договориме со Католичката црква, односно околу значењето на поимот „првенство", каков што тој бил во првото илјадалетие, Вселенската патријаршија нема да има потешкотии повторно да го признае Рим за прв престол и да го земе второто место, коешто го имала пред расколот."

Колку што ни е на сите православни познато, не е цел на дијалогот да се договараме со Римокатоличката црква околу значењето на поимот 'првенство' и не е прашање дали Цариградската патријаршија ќе има или не потешкотии повторно да го признае Рим за прв престол и да го заземе второто место, коешто го имала пред расколот. Цел и смисла на дијалогот е да се остварат зборовите на блажениот отец Георгиј Флоровски: „Соединувањето на христијаните за мене не значи ништо друго, туку сесветско враќање во Православие", односно цел на дијалогот не е ништо друго туку, пред сè, признавање и прифаќање на вистинската вера – Православната од страна на римокатолиците; потоа сè друго е лесно. Секако, со оваа своја изјава патријархот сигурно не мисли или барем не рече дека само ако се договориме со Римокатоличката црква околу значењето на поимот 'првенство', ќе можеме и литургиски да заедничариме, но ние сепак да кажеме.

4. Уште патријархот вели: „подобро е што се наоѓаме во земја, каде што Православието е малцинство, во Турција, зашто ако бевме во друга земја, Цариградската Црква – Црквата на првиот престол на христијанството, ќе беше изложена на опасноста да се претвори во национална Црква." Кога би можеле за момент да бидеме саркастични и кратки, а изгледа и само така може ефективно да се одговори на оваа изјава, би рекле: Не, Цариградската патријаршија воопшто не е национална

# Погрешна патна карта

Црква, еве видете, меѓу нејзините верници и Епископи не се само Грци, има сразмерно и Турци, а и луѓе од други националности; исто колку што има и Арапи – Епископи во Ерусалимската патријаршија и исто колку што има повеќе милиони Копти во Александриската патријаршија. Господи, прости ни...!

И воопшто не е точно пишувањето на професорот Христос Јанарас, кое патријархот го цитира, односно дека било привилегија за Цариградската Црква тоа што се наоѓала на територија на неправославна држава, меѓу туѓа религија, зошто од таму можел подобро да се покаже нејзиниот вселенски карактер. Тоа тврдење би го прифатиле кога би се однесувало на почетокот од црковната мисија, но да се доведе една Црква во таква состојба, за секој духовен човек, е само доказ за непостоењето на плодовите од Духот во нејзиниот црковен живот и сведоштво за нејзиниот мисионерски неуспех. Ова важи и за мисионерската дејност на која било друга Црква, а примерите ги гледаме секаде околу нас.

Инаку, Цариградскиот патријарх е толку „Вселенски" колку што Грчкиот архиепископ (Господ да го утеши!) е на „цела Грција" и колку што и другите поглавари на помесните Православни Цркви во своите титули си додаваат придавки изведени од имињата на областите над кои нивната помесна Црква има јурисдикција.

5. И за крај би ја прокоментирале малку и изјавата дека титулата „Вселенски" за Цариградската Црква се користи без прекин од 4 век па наваму, дека таа е наследувана со векови, дека и Вартоломеј ја наследил и дека така ќе продолжи довека. Каде е оставен простор во оваа изјава за историскиот развој на Црквата и за нејзините пастирски потреби кои со текот на времето сигурно се менуваат? Тоа е идолопоклоничкиот однос за кој пред малку пишувавме и тоа е одговор на прашањето како некој си ја замислува улогата на мајка Црква и првенството по чест меѓу православните. Чест се дава, дури е и евангелски императив, но власта очигледно тешко се дава...

Но, бидејќи на сите ни е јасно какви централистички и апсолутистички тенденции има „човечката власт", нашето внимание го привлекува друга дилема: дали Цариградската патријаршија навистина се надева дека дијалогот со Римокатоличката црква може да донесе вистински плод или го користи само како параван позади кој го промовира и наметнува своето првенство на власт? Освен тоа, полесно е потоа некој да спои два центри, отколку да има проблем со спојување на повеќе од десетина центри.

Дека всушност се работи за ова второто, сè повеќе сме убедени и од повеќедецениските однос на Цариградската патријаршија кон Руската Православна Црква. На сите ние што редовно ги следиме случувањата сосема ни е јасно дека Цариградската патријаршија води една политика чија цел е што поголема изолација на Руската Православна Црква од останатите Православни Цркви. Излишно е да наведуваме примери како што е донесувањето на Естонската Црква на дијлогот во Равена, охрабрување на Романската Црква за дејствијата што ги презема во Молдавија, признавањето или непризнавањето (зависи од интересот) на Црквите кои добиваат автономија или автокефалност од Руската Православна Црква, најблиските односи со Украинската црква на Филарет Денисенко, формирање на нови Цркви на канонска територија на Руската Православна Црква и многу друго, да не набројуваме.

(од редакцијата на сајтот на МПЦ)

Извор: www.mpc.org.mk